**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

**Јули 2007 година**

**Сектор за макроекономска политика**

**Скопје, септември 2007 година**

## 1. Реален сектор

**1.1. Кумулативниот индекс на индустриското производство за периодот јануари-јули 2007, во однос на истиот период од претходната година, забележа пораст од 2,7%.**




Притоа, во јули 2007 година, индексот на индустриско производство е зголемен за 0,6% во однос на јуни 2007 година, а намален за 2,2% во однос на јули претходната година.

Анализирано по сектори, кумулативниот раст на индустриското производство во анализираниот период се должи на зголеменото производство во секторот Вадење руди и камен од 19,9% и растот на Преработувачката индустрија од 4,6%. Сепак, и покрај силниот раст во овие два сектори, намаленото производство во секторот Снабдување со електрична енергија, гас и вода од 14,7% на годишно ниво, негативно влијае врз целокупниот индекс на индустриско производство. Во рамки на Преработувачката индустрија, која има најголемо учество во вкупниот индекс (83,94%), главни носители на растот се производството на прехранбени производи и пијалаци со раст од 16%, производството на тутунски производи со раст од 46,2%, производството на основни метали со раст од 52,3%, како и производството на други неметални минерали со 31,6%.

**1.2. Кумулативниот индекс на трошоци на живот за периодот јануари-јули 2007, во однос на истиот период од претходната година, забележа пораст од 0,9%.**

Пораст на цените на мало од 0,6% во јули 2007 година во однос на претходниот месец е забележан во групата Непрехранбени индустриски производи и во групата Индустриско-прехранбени производи од 0,3%. Намалување на индексот на цените на мало од 1,2% во јули 2007 година во однос на претходниот месец е забележано во групата Земјоделски производи, а кај Услугите намалувањето изнесува 0,2%.




Во јули 2007 година, трошоците на живот забележаа пораст од 1,3% на годишна основа (во однос на истиот месец од претходната година).

Вредноста на потрошувачката кошница за исхрана и пијалоци за едно четиричлено домаќинство за месец јули 2007 година, пресметана врз основа на цените на мало, изнесува 10.276 денари и во однос на јули 2006 година е повисока за 0,9%.

Индексот на цените на мало во јули 2007 година, во однос на претходниот месец, е повисок за само 0,2%, додека на годишна основа (во однос на истиот месец од претходната година) забележа зголемување од 2,7%. Пораст на

индексот на цените на мало во јули 2007 година, во однос на истиот месец од претходната година е забележан во групата земјоделски производи за 2,6%, индустриски производи за 3,2%, непрехранбени индустриски производи за 4,2% и прехранбени производи за 1,4%.

**1.3. Во јули 2007 година, движењата на светските стокови берзи беа стабилни, без поголеми потреси, особено кај производите кои се во нашиот фокус на интерес, освен никелот.**

Притоа, цените на најзначајните производи главно забележаа зголемување или го задржаа истото ценовно ниво. Раст на берзанските цени е евидентиран кај нафтата, шеќерот, јагнешкото месо и оловото.




По неколку месечен раст, цената на никелот во јули 2007 година забележа намалување од 20% и достигна вредност од 33.417 САД долари за еден метрички тон.

## 2. Надворешен сектор

**2.1. Во периодот јануари-јули 2007 година вкупната надворешно-трговска размена, во доларска вредност забележа висок пораст од 35,1% во однос на истиот период минатата година.** Притоа, физичкиот обем на извозот е зголемен за 16,3%, а неговата вредност достигна 1.837,4 милиони долари, што претставува пораст од 44,7%. Зголемувањето на количинскиот увоз на стоки изнесува 20,7%, а неговата вредност оствари износ од 2.657,1 милиони долари, или пораст од 29,2%. При вакви движења, дефицитот во размената, остварен во овој период бележи пораст од само 4,2% во однос на истиот остварен до крајот на јули 2006 година.




Поголемиот извоз остварен во овој период, пред се е резултат на зголемениот извоз на железо и челик (стапка од 117%), облека (17%), метална руда и метални отпадоци (80%), изработка од неметални минерали (66%), обувки (62%), изработки од метал (93%), овошје и зеленчук (27%), пијалаци (23%) итн.

**2.2. Главни групи производи (според СМТК) со најголемо учество во извозот во овој период се: железо и челик со 40,5%, облека 18,7%, пијалаци и тутун 6%, метална руда и метални отпадоци 3,8%, овошје и зеленчук 3,8%), нафта и производи од нафта 3,8%.**

Овие шест групи производи сочинуваат околу 76% од вкупниот извоз на државата. Најголем дел од **увозот** на стоки во јули оваа година отпаѓа на:

нафта и производи од нафта (62,7 мил. долари), железо и челик (42,8 мил. долари), текстилни предива и слично (37,1 мил. долари), друмски возила (27,6 мил. долари), метална руда и метални отпадоци (18,4 мил. долари) итн.

**2.3. Во периодот јануари-јули 2007 година околу 68% од вкупно извезените стоки се пласирани на пазарот на Европската Унија (ЕУ27), а 50% од вкупно увезените стоки во Република Македонија се со потекло од оваа интеграција. Извозот во Европската Унија е поголем за 59%, а увозот е зголемен за 22% во однос на истиот период од 2006 година.** Во анализираниот период 79% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во трговската размена со Русија, Кина, Полска, Турција и Индонезија.




**2.4. Според валутната структура, во периодот јануари-јули 2007 година,** извозот во евра бележи зголемување за 191 милиони евра (25%), а делот **од извозот реализиран на "доларскиот пазар" бележи значително зголемување за 234 милиони долари (75%).**

| НАДВОРЕШНО-ТРГОВСКА РАЗМЕНА на Република Македонија (по валути); Пресметка: МФ | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ИЗВОЗ** | I-VII 2006 | | | | | I-VII 2007 | | | | | | |
| валута | колич. 000 т | извоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | извоз во денари | структ. во % | колич. 000 т | извоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | извоз во денари | структ. во % | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во %) |
| EUR | 1.286 | 763.954.287 | 61,1948 | 46.750.029.802 | 74,4 | 1.536 | 955.199.068 | 61,1774 | 58.436.595.463 | 69,4 | 191.244.781 | 25,0 |
| USD | 426 | 313.138.223 | 49,6110 | 15.535.100.381 | 24,7 | 454 | 547.828.308 | 45,8403 | 25.112.613.987 | 29,8 | 234.690.085 | 74,9 |
| EUR+USD | 1.712 | | | 62.285.130.183 | 99,2 | 1.990 | | | 83.549.209.450 | 99,3 | | |
| вк.извоз: | 1.715 | | | 62.808.413.439 | 100,0 | 1.995 | | | 84.170.359.844 | 100,0 | | 34,0 |

**2.5. Надворешниот долг на Република Македонија на крајот на јули 2007 година изнесуваше 2.249 милиони долари, и во споредба со крајот на 2006 година е намален за 98 милиони долари, како резултат на поголемиот износ на отплатата на долгот во однос на користените средства.**

Притоа, надворешниот долг на јавниот сектор изнесува 1.381 милиони долари и, во споредба со состојбата во 2006 година, е намален за 226 милиони долари поради предвремената отплата на долгот. Во рамките на долгот во јавниот сектор, намалување во однос на 2006 година е забележано кај долгот на Централната Влада и јавните фондови, додека кај јавните претпријатија долгот е зголемен. Надворешниот долг на приватниот сектор изнесува 868 милиони долари и, во споредба со 2006 година, е зголемен за 128 милиони долари, како резултат на зголемувањето на долгот во небанкарскиот приватен сектор и приватните банки.



**2.6. Во првите седум месеци од оваа година повлечени се средства во износ од 241 милиони долари, од кои 185 милион долари во приватниот сектор.** Во овој период склучени се нови кредити во износ од 252 милиони долари, од кои 219 милиони долари во приватниот сектор. Редовното сервисирање на обврските продолжува и понатаму, при што за првите седум месеци од 2007 година, сервисирани се 421,0 милиони долари, од кои 384,4 милиони долари главница. Во рамките на мултилатералните кредитори најголем дел е отплатен спрема ЕБОР во износ од 136 милиони долари, како и спрема билатералните кредитори, односно кон Парискиот клуб на кредитори во износ од 103,4 милиони долари, од кои 101,3 милиони долари по основ на репрограмиран долг од 1995 година, а остатокот по основ на ново склучени кредити.

**2.7. Вкупниот јавен долг на Република Македонија пресметан врз основа на Законот за јавен долг, на крајот на јули изнесуваше 2.096 милиони долари и во однос на 2006 година е намален за 12,8%.** Надворешниот јавен долг бележи континуирано намалување и, на крајот на јули оваа година, е понизок за 17,3% во споредба со крајот на 2006 година, додека внатрешниот јавен долг бележи зголемување за 2,5%, што е во согласност со целите на Стратегијата за управување со јавен долг.

**2.8. Состојбата на краткорочниот долг на крајот на јули 2007 година изнесуваше 173,3 милиони долари и во целост се однесува на приватниот сектор, и тоа по основ на финансиски кредити.**

## 3. Фискален сектор

**3.1. Во периодот јануари-јули 2007 година, вкупните приходи на Централниот буџет изнесуваат 40.752 милиони денари, што претставува зголемување од 14,9% во однос на истиот период од минатата година.**




Даночните приходи во овој период се реализирани во износ од 38.393 милиони денари, што претставува зголемување од 15,9% во однос на периодот јануари-јули минатата година.
Учеството на данокот на додадена вредност (ДДВ) во вкупните даночни приходи во првото полугодие од 2007 година изнесува 48,6%, а на акцизите 18,2%, при што, од овие два даноци се остварени приходи од 25.614 милиони денари. Гледано по одделни категории, приходите од ДДВ забележаа пораст од 20,2%, акцизите од 13,2%, данокот на добивка од 25,2%, приходите од царина се зголемени за 10,0%, додека приходите од персоналниот данок се намалија за незначителни 1,9% споредено со истиот период лани како резултат на намалената и унифицирана даночна стапка на почетокот на 2007 година.

**3.2. Во првите седум месеци од 2007 година, вкупните расходи на Централниот буџет изнесуваа 35.769 милиони денари, што е повеќе за 1,7% во однос на истиот период од 2006 година.**

Најголеми расходни ставки се трансферите (14.167 милиони денари) и платите и надоместоците (13.466 милиони денари). Во вкупните расходи на Централниот буџет, расходите за плати и надоместоци во овој период

учествуваат со 37,7% и, во однос на истиот период лани, тие се зголемени за 4,2%.

Расходите за стоки и услуги се извршени во износ од 4.289 милиони денари, односно имаат помало остварување во споредба со 2006 година за 1,0%.

Во делот на трансферите, во овој период се потрошени 7,8% повеќе средства споредено со 2006 година. Трансферите кон Фондот за пензиско и инвалидско осигурување се извршени во износ од 5.895 милиони денари или за 972 милиони денари повеќе (19,7% зголемување). Каматите се реализирани во износ од 1.434 милиони денари што е помалку за 9,9%.

Во анализираниот период, средствата за капитални расходи изнесуваат 2.413 милиони денари, што е намалување за 14,5% во споредба со истиот период 2006 година и претставува скромни 23,4% од годишниот план.

**3.3. Оттука, во периодот јануари-јули 2007 година остварен е суфицит на Централниот Буџет од 4.983 милиони денари (1,5% од БДП), додека суфицитот на консолидираниот буџет изнесува 5.570 милиони денари.**

## 4. Монетарен сектор

**4.1. Во јули 2007 година, примарните пари на годишна основа забележаа пораст од 32,8%, а месечен од 19,6%, што во најголем дел се должи на силниот пораст на вкупните ликвидни средства на банките, како подготовка за исплата на дивиденда од страна на поголем странски инвеститор, како и зголемената побарувачка на готови пари.**

Од аспект на ликвидност, девизните трансакции на НБРМ (реализиран нето - откуп на девизи на девизниот пазар) и издадените благајнички записи претставуваа креирање на ликвидност која, делумно, беше повлечена преку денарските депозити на државата кај НБРМ и државните записи за монетарни цели.

Во јули 2007 година, просечната каматна стапка на благајничките записи, изнесуваше 5,13%, односно месечно зголемување за 0,23 процентни поени, додека просечните месечни пондерирани каматни стапки на државните записи со рочност од три и шест месеци изнесуваа 5,44% и 5,56%, соодветно, и речиси се на исто ниво како и во јуни.

**4.2. Побарувачката на готовите пари во оптек забележа месечен пораст од 5,2%, додека на годишно ниво порастот изнесува 8,8%.** Монетарниот агрегат М1 на месечна основа забележа пораст за 4,4%, а на годишна основа 17,9%, што во целост се должи на зголемената побарувачка на готови пари. Ваквите движења, како и интензивниот пораст на вкупните депозити, резултираа со месечен пораст кај пошироките монетарни агрегати М2 и М4 од 2,3% и 2,5%, соодветно. На годишна основа, монетарните агрегати М2 и М4 забележаа пораст од 30,7% и 30,9%, соодветно.

**4.3. И понатаму продолжува растечкиот тренд на вкупниот депозитен потенцијал. Така вкупниот депозитен потенцијал на комерцијалните банки во јули 2007 година на годишна основа забележа пораст од 35,5%.** Кредитите на приватниот сектор забележаа годишен пораст од 35,8%, при што од аспект на валутата, придонесот на денарските кредити и понатаму ја задржува доминантната позиција во порастот на кредитната активност на банките.

**4.4. Во каматната политика на комерцијалните банки и во јули не беа забележани некои позначајни промени.** Имено, просечните пондерирани каматни стапки на денарските кредити изнесуваа 10,1%, односно месечно

намалување за 0,1 процентен поен, а каматните стапки на девизните кредити изнесуваа 8,4%, при што го задржаа нивото од претходниот месец. Просечните пасивни каматни стапки на денарските депозити изнесуваа 4,7%, и на месечна основа се пониски за 0,1 процентен поен, додека каматните стапки на девизните депозити изнесуваа 1,9%, и во однос на претходниот месец не забележаа промени.

**4.5. Реализираниот нето откуп на девизни средства од страна на НБРМ придонесе за натамошен пораст на бруто девизните резерви. На крајот на јули 2007 година тие достигнаа ниво од 1.979 милиони долари, односно во споредба со декември 2006 година се зголемени за 114 милиони долари.**




Во текот на јули 2007 година, при интервенциите на девизниот пазар, НБРМ продаде 7,1 милиони долари и откупи 58,4 милиони долари, со што нето ефектот беше откупени 51,3 милиони долари.

## 5. Социјален сектор

**5.1. Во период јануари-јули 2007 година, во Агенцијата за вработување на Република Македонија регистрирани се вкупно 106.027 засновани нови работни односи (неопределено време, определено и сезонски).** Во однос на истиот период 2006 година, бројот на нови вработувања е зголемен за 20.973 или 24,7%, со што продолжува и понатаму позитивниот тренд на остварени вработувања. Вработувањата на неопределено време учествуваат со 52,9% во вкупните вработувања. Вработувањата на регистрираните невработени лица во овој период учествуваат со 30,2% во вкупните вработувања, додека останатите вработувања се директно од неактивното население, лица кои преминале од едно на друго работно место или од неформална во формална економија.




**5.2. Во јули 2007 година, во Агенцијата за вработување на Република Македонија се евидентирани 364.351 невработени лица, што споредено со јуни 2007 година претставува намалување за 0,67%.** Од нив 76.414 (21%) евидентирани невработени лица се изјасниле дека се пријавуваат само за остварување на правото на здравствено осигурување, а 287.937 (79%), активно бараат работа. Во однос на истиот месец од минатата година, бројот на невработените лица е зголемен за 42.810 или 13,3%. Најголем процент од невработените, односно 67,2% се од урбани средини (градско население).

Во вкупните евидентирани невработени лица, мажите учествуваат со 58,5%.

Во однос на образовната структура, нема поголеми промени, што значи дека 51,7% од невработените се неквалификувани или полуквалификувани, 24,7%

со средно стручно образование, 16,7% се квалификувани и високо квалификувани работници, а оние со вишо и високо образование учествуваат со 6,9%.
Приливот на лица во регистарот на Агенцијата за вработување во јули 2007 година изнесува 7.189 лица, додека како одлив на лица од Агенцијата се регистрирани 9.659 лица (45% од одливот се однесува на нови засновани работни односи додека 55% се однесува на бришење од евиденцијата по законски основи).

**5.3. Во јули 2007 година, во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, се евидентирани 270.249 пензионери, што во однос на април 2007 година претставува раст од 0,2%, а споредбено со истиот период од минатата година, претставува пораст за 1,1%.** За исплата на пензиите, во овој месец се потрошени 2.094,7 милиони денари, што претставува 0,7% од БДП. Во јули 2007 година, вредноста на просечната пензија изнесуваше 7.751 денари, што на годишно ниво претставува пораст од 3,1%. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена нето плата во јуни 2007 година (последен расположлив податок) изнесува 54,5%. Овој сооднос помеѓу просечната пензија и просечната плата бележи благ пораст од 0,4 процентни поени споредено со претходниот месец.




**5.4. Бројот на корисници на социјална помош во мај (последни расположливи податоци) на месечна основа е намален за 4%. Имено, за исплата на социјална помош се потрошени 135,8 милиони денари за 60.102 домаќинства. На годишна основа, намалувањето на бројот на корисниците изнесува 4,6%.** За помош по основ на туѓа нега, во мај се потрошени 69,1 милиони денари за 19.527 лица. Како корисници на постојана парична помош, во овој месец се регистрирани 5.063 лица и за нив се потрошени 16,3 милиони денари, додека здравствена заштита користат 5.262 лица (лица кои не користат заштита по други основи).




**5.5. Кумулативно, во периодот јануари–јуни 2007 година споредено со истиот период од 2006 година, забележан е пораст на просечната номинална и реална нето плата за 6,1% односно 5,2%.** Во јуни 2007 година просечната месечна нето-плата по вработен изнесуваше 14.242 денари, што на месечна основа претставува пад



од 0,6%, додека пак на годишна основа има пораст, кој изнесува 5,1%.

Во јуни 2007 година процентот на вработените кои не примиле плата е намален на 12,1%.